**20202693529**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 42 став (11) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 9 ноември 2020 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ВИСИНАТА НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината на трошоците за изработување на условите за планирање на просторот и тоа за: генерален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план за вон населено место, урбанистички план за подрачја и градби од државно значење и урбанистички проект.

Член 2

Висината на трошоците за изработување на Условите за планирање на просторот за Генерален урбанистички план, врз основа на површината на планираниот урбан опфат изразена во хектари, изнесуваат:

| ГУП | Цена |
|---|---|
| (ха) | (денари) |
| до 200 | 76 560,00 |
| 200 -500 | 97 440,00 |
| 500 - 1000 | 125 976,00 |
| 1000 - 2000 | 141 288,00 |
| 2000 - 5000 | 171 216,00 |
| над 5000 | 228 288,00 |

Член 3

Висината на трошоците за изработување на Условите за планирање на просторот за Урбанистички план за село, врз основа на површината на планираниот урбан опфат изразена во хектари, изнесуваат:

| УП за село | Цена |
|---|---|
| (ха) | (денари) |
| до 50 | 41 064,00 |
| 50 - 100 | 46 632,00 |
| 100 - 150 | 58 464,00 |
| над 100 | 70296,00 |

Член 4

Висината на трошоците за изработување на Условите за планирање на просторот за Урбанистички план вон населено место, Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење и Урбанистички проект, врз основа на површината на планираниот урбан опфат изразена во хектари, изнесуваат:

| УПВНМ УППГДЗ, УП | Цена |
|---|---|
| (ха) | (денари) |
| до 1 | 31 320,00 |
| 1 -5 | 48 024,00 |
| 5 - 10 | 73 776,00 |
| 10 - 50 | 111 360,00 |
| 50 - 100 | 140 592,00 |
| Над 100 | 140 592,00 +1000 ден/ха |

Член 5

Висината на трошоците за изработување на Условите за планирање на просторот за Урбанистички проект за линиска инфраструктура врз основа на должина изразена во километри, изнесуваат:

| линиска инфраструктура | Цена |
|---|---|
| ( км ) | (денари) |
| до 1 | 41 064,00 |
| 1-3 | 46 632,00 |
| 3-10 | 58 464,00 |
| 10-50 | 111 360,00 |
| 50-100 | 140 592,00 |
| 100-150 | 169 824,00 |
| 150-200 | 228 288,00 |
| 200-250 | 251 952,00 |
| над 250 | 322 944,00 |

Член 6

Висината на трошоците за измени и дополнувања на претходно изработени елаборати изнесува:

| Вид на измената | Цена |
|---|---|
| Исправка на технички грешки во документацијата поради пропуст на барателот | 10% од основната цена на елаборатот |
| Измена на намената на земјиштето | 30% од основната цена на елаборатот |

Член 7

Висината на трошоците за изработување на Условите за планирање на просторот во периодот додека трае пандемијата од Коронавирусот COVID-19, е со намалена висина за 15% од основната цена предвидена во член 2, 3, 4 и 5 од оваа одлука.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44- 8806/1
9 ноември 2020 година
Скопје

Прв заменик на
Претседателот на Владата
на Република Северна Македонија,
**Artan Grubi,** с.р.